| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | **Бр. 37771/1-6-1** |
|---|---|---|
| | | **Датум: 22.04.2024** |
| | | **Стр.** 1/1 |

# М И С Л Е Њ Е

## на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје кон Годишниот извештај за 2023 година

Податоците презентирани во Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година претставуваат реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но исто така и заложбите на органите на управување и вработените во Банката во насока на остварување на стратешките цели и планираните активности за 2023 година, од друга страна.

Извештајот дава целосна слика на активностите на Банката и на активностите на мрежата на експозитури во 2023 година, како и на остварените финансиски резултати.

Годишниот извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Годишниот извештај на систематизиран начин се презентирани остварувањата по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за успешно работење, адекватно управување со Банката и усогласување со целокупната регулатива.

Според мислењето на Надзорниот одбор, Годишниот извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2023 година.

Во согласност со Член 89 став 3 точка 25 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот Годишен извештај до Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер